# ПИСМО
## до родителите на нашите идни првачиња

Почитувани родители,

Уписот на секоја нова генерација првачиња за нашето училиште, **ООУ „Петар Поп Арсов " – Карпош** , е еден од најсвечените настани. Вашето дете наскоро ќе биде ученик, тоа е свечен семеен настан и за сите Вас. Ви претстои животен период исполнет со очекувања, знаења, умеења, дружби и радости, но и предизвици за сите!

Тргнувањето на училиште покрај тоа што е еден од највозбудливите воедно е и еден од најстресните периоди како за детето прваче така и за Вас како родители. Во оваа фаза од детскиот развој Вие го воведувате во светот на меѓучовечките комуникации и релации, ја обликувате неговата личност, го воспитувате и со своето однесување за него станувате пример кој ќе го следи. Вие би требало да го развивате позитивниот став кон училиштето, учењето, другарувањето и важноста од образованието во создавање на позитивна слика за себе како дете - ученик. Заедно да им помогнеме да ја изградат својата самодоверба и верба дека го можат најдоброто !

**Подготвеност за училиште**

Спремноста за училиште се однесува на различни аспекти на детскиот развој кои овозможуваат задоволување на тие барања, а тоа е физичка, емоционално-социјална и спознајна (когнитивна) спремност за тргнување во училиште.

Емоционално-социјалната зрелост е особено важна затоа што го олеснува прифаќањето на училиштето и училишните обврски, правила и новиот ред во животот на семејството воопшто. Затоа детето треба успешно да комуницира и соработува со врсниците и возрасните, да ги контролира своите постапки и чувства, да биде истрајно и кога нема веднаш да успее...

**Училиштето од вас родителите очекува доверба, трпеливост, толеранција, почит и позитивна комуникација.**

**Затоа,еве неколку корисни совети:**

- Започнете да разговарате за училиштето со Вашето дете неколку месеци пред започнување на учебната година. На убав начин објаснете му што го очекува во училиштето (седење во клупа, училишно ѕвонче, подолга концентрација за некоја активност, почитување на правила во училиштето, обврски кои мора да ги исполнува, стекнување на многу нови другарчиња, осознавање и учење на многу корисни работи...)
- Зборувајте во позитивен контекст за улогата на наставничката која ќе биде негов тренер, ментор,воспитувач и само со взаемна поддршка и соработка меѓу вас ќе изградите срекна и успешна личност.
- На време постепено прилагодете го ритамот на спиењето и оброците кој детето ќе го има кога ќе тргне на училиште.
- Изградете ја самостојноста на детето – само да се облекува, да си ги врзува врвките, да оди само во тоалет, да ја одржува личната и колективната хигиена... Давајте му обврски во домот за кои ќе биде одговорно и ќе треба да ги извршува ( да ги собере играчките, да ја остава облеката и чевлите на предвиденото место, да помага во извршување на едноставни домашни работи...)
- Однесете го да го посети училиштето во кое ќе учи и раскажете му што го очекува без заплашување или претерано разубавување, влезете во училишниот простор и слободно разгледајте, раскажувајте му позитивни сеќавања кога вие сте биле прваче.
- Оставете си неколку денови од Вашиот годишен одмор за првите училишни денови на Вашето дете со цел да му помогнете да се прилагоди на новите навики. Придружувајте го на училиште една недела, потоа оставете го самостојно да си го носи својот ранец и сѐ што му е потребно за училишниот ден.
- Поттикнете го правилно да ги изговара гласовите, разбирливо и гласно да се изразува, самостојно да зборува и самостојно да се снаоѓа во бројни ситуации кои бараат вербална комуникација.
- Разговарајте за различностите, дајте му поддршка да ги почитува различните од себе, без потсмев и одбегнување...
- Вежбајте како правилно се држи моливот, како се користи гумата за бришење, острилката.... Дозволете му само да избере ранец и училишен прибор.
- Оставете му на своето дете доволно простор и време и за игра бидејќи играта е значаен развоен фактор. Со тргнување во училиште игрите не престануваат само сереместуваат во втор план.

- Објаснете му на своето дете дека учењето е процес кој трае доживотно, дека нема погрешни одговори, дека само со знаење може да се менува светот.
- Ако Вашето дете не се привикнува лесно и не стекнал веднаш пријатели, тоа е нормално – на некои деца им треба повеќе време да се навикнат на промените. Ако тоа ве загрижува побарајте помош во училиштето, споделете го со неговата наставничка, разговор на охрабрување може многу да помогне. Доколку тоа не помогне обратете се до училишниот педагог.
- Вашето дете секако ќе зборува за училиштето најчесто со воодушевување, но понекогаш и со разочарување и тага. Сослушајте го со внимание и разбирање, проверете што се случило и посоветувајте го како да се однесува во непријатни за него ситуации. Не му одобрувајте агресивност, расправии и навредливо однесување кон врсниците и возрасните, тие се Ваше огледало!
- Ако Вашето дете на почетокот има проблем со намалено внимание на наставните часови, што исто така е нормално, со разговор може да се надмине и набрзу ќе разбере и прифати што се очекува од него. За сѐ е потребно време на адаптација, трпеливост и разбирање и од страна на родителите. Ако потешкотиите со вниманието и концентрацијата озбилно и подолг период го попречуваат учењето побарајте помош од училишниот педагог. Кај сите потешкотии многу е важно родителот да се однесува прибрано и со разбирање, да не го критикува своето дете токму тогаш кога му е потребна најголема поддршка и разбирање.

Само со заедничка и меѓусебна почит и соработка може на децата да им создадеме претстава за училиштето како безбедно место за учење, забава, дружење и безгрижно растење.

Само на ваков начин заеднички ќе ги негуваме авторитетот на родителството и авторитетот на училиштето.

Со почит,
Даниела Панајотова
училишен педагог
Светлана Јовевска
училишен психолог
Вања Врдинова
училишен дефектолог